### ВО "ПРЕС ТУ ЕГЗИТ" ВО СКОПЈЕ

# Просторна инсталација на Един Вејселовиќ




*"Без наслов" - критика на современата концептуална практика*

Вечерва (20 ч.) во изложбениот простор "Прес ту егзит процект спејс" за прв пат во Скопје изложба отвора Един Вејселовиќ. Се работи за просторна инсталација, именувана како "Без наслов", и потсетува на концептуално реализирана идеја во простор. Со оваа изложба Вејселовиќ ја критикува концептуалната практика во современата уметност.

"Без наслов" претходно е реализирана во Сараево и во Белград. Овој млад уметник кој е роден во Скопје, а живее и работи на повеќе места низ светот, учествувал на Европското биенале на современа уметност во Франкфурт, како и на биеналните изложби во Берлин и во Цетиње. Овој проект бил претставен и на ланското Венецијско биенале.